УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

## Надареност и талентираност

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЕТИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ ВРЗ НИВНИТЕ АКАДЕМСКИ ПОСТИГНУВАЊА

докторски проект

Кандидат: м-р Ејона Ицка
Број на индекс: 88

Ментор: проф. д-р Валентина Гулевска

# Содржина

Вовед .......... 4

1. Методолошка рамка на истражувањето .......... 7

1.1. Цел на истражувањето.......... 7

1.2. Истражувачки прашања.......... 7

1.3. Методи.......... 7

1.4. Истражувачка парадигма .......... 7

1.5. Учесници .......... 7

1.6. Постапка .......... 7

2. Резултати од истражувањето.......... 8

3. Заклучни согледувања .......... 14

Користена литература .......... 15

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЕТИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ ВРЗ НИВНИТЕ АКАДЕМСКИ ПОСТИГНУВАЊА

**м-р Ејона Ицка**
УБТ колеџ - Приштина, Р Косово
https://www.ubt-uni.net/en/home/
ejonamiraka@hotmail.com

**проф. д-р Валентина Гулевска**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, РС Македонија
https://uklo.edu.mk/
valentina.gulevska@uklo.edu.mk

## Апстракт

Ова истражување се фокусира на влијанието на етичките карактеристики на надарените и талентираните ученици врз нивните академски постигнувања. Истражувањето анализира етички карактеристики на надарени и талентирани ученици на возраст од 11 до 15 години, како што се: искреност, праведност, доследност, прифаќање на грешки и неуспех, солидарност, комуникативност, смиреност (толеранција) и доверливост за да го утврди степенот на нивното влијание врз академскиот успех на надарените и талентираните ученици. Истражувањето ја анализира и потребата од вклучување етички содржини во наставната програма за учениците од повисоките одделенија во основното образование и за учениците од пониските класови од средното образование. Резултатите од истражувањето ја нагласуваат потребата од урамнотежен пристап кој ќе го поддржува и интелектуалниот и моралниот развој на учениците подготвувајќи ги за претстојните академски и животни предизвици.

**Клучни зборови**: Надареност, талентираност, вредности, академски постигнувања.

**Вовед**

Емпириските истражувања за моралните карактеристики на надарените и талентираните луѓе во науката се ретки. Малиот број истражувачи од оваа област најчесто ја проучуваат поврзаноста помеѓу моралните особини на личноста и нејзините когнитивно-афективни способности, односно степенот на нејзината надареност и талентираност. Резултатите од овие истражувања покажале дека има високо ниво на корелација меѓу моралното размислување и однесување и коефициентот на интелигенција кај личноста. Според нив, надарените и талентираните луѓе се борат со морални дилеми и прашања на помлада возраст отколку нивните врсници. Извонредната интелигенција, талентот и креативноста што ги имаат овие луѓе, здружени со нивната висока етичност, претставуваат огромен потенцијал за напредок на целото човештвото.

За да може што поцелосно да се разбере сложената врска што постои меѓу моралот и интелигенцијата и надареноста и талентираноста, неопходни се длабински научни истражувања. Многу родители, кои биле опфатени со досегашните истражувања, изјавиле дека нивните деца кои имале различни дарби и таленти, во исто време имале и вродено чувство за разликување на доброто и погрешното. На таков начин, биле евидентирани десетици случаи на надарени и талентирани деца кои се бореле против неправдата во различни животни ситуации. Така, на пример, има случаи кога надарените и талентираните деца се спријателуваат со деца со хендикеп за да ги заштитуваат. Тие се вознемируваат ако се понижува некој од соучениците, стануваат вегетаријанци и не јадат месо зашто сочувствуваат со животните, плачат поради насилството во цртаните филмови, збунети се кога нивните соученици се туркаат во редот, одбиваат да возвратат на нападите од другите деца бидејќи и самоодбраната ја сметаат за насилство, се грижат за сите што страдаат, се обидуваат да ги зачуваат природните ресурси и сл. Сите овие примери покажуваат дека моралните карактеристики на надарените и талентираните деца се развиени на понапредно ниво од моралните карактеристики на нивните врсници. Меѓутоа, експертите нагласуваат дека, сепак, неопходно е да се достигне одреден степен на зрелост пред детето да може да ја претвори моралната чувствителност во доследна морална акција (Banks & Head, 2004).

Односот помеѓу надареноста и моралниот развој е комплексен. Човек не мора да биде надарен за да биде морален. Исто така, надарените луѓе понекогаш пројавуваат неморално и деструктивно однесување. Сепак, некои теоретичари тврдат дека моралната чувствителност на личноста пропорционално се зголемува со зголемувањето на коефициентот на интелигенцијата (Aimen, 2003).

Надарените деца имаат потенцијал да станат светски лидери со силно разбирање на етиката во прашањата поврзани со глобалната политика, економијата, здравјето на населението, религиите и животната средина. Зголемената чувствителност на надарените личности за правда и чесност, како и чувството за одговорност, го забрзува развојот на знаењата, ставовите и вештините на децата, кои му се неопходни на глобалното граѓанство во дваесет и првиот век. Ако на надарените и талентираните деца им се обезбеди соодветно предизвикувачка и глобално почитувана наставна програма, можеме да сметаме дека им помагаме да се подготват за живот и дејност во корист на целото човештво (ASCD, 2023).

Способноста да се препознаат карактеристиките на надареноста и талентираноста кај децата е критична вештина, особено поради фактот што тие карактеристики не се јасно наведени во литературата на начин на кој родителите и наставниците би можеле да ги препознаат во раното детство (Bakkenes et al., 2010). Сепак, според некои

показатели, однесувањето на надарените и талентираните деца може да се разликува од она на другите деца (на нивна возраст), според следниве параметри: многу надарени деца рано учат да читаат и пишуваат бидејќи се способни за формирање апстрактно мислење, имаат добро чувство за ритам, добро се координирани и организирани (Berg et al., 2017). Надарените деца имаат многу силни страни и предности. Експертите сметаат дека има голема разлика меѓу нив и нивните врсници, во поглед на начинот на кој тие го изразуваат сложеното расудување (Dawid, 2015).

Моралот е сложен, повеќеслоен аспект на човековото живеење. Во последнава деценија, моралниот развој и моралното образование се предмет на истражување на повеќе научни студии. Во нив, термините *етика* и *морал* најчесто се користат како синоними иако се истакнува и фактот дека различни општествени заедници (на пример, академската, правната, религиозната и сл.) понекогаш прават разлика помеѓу нив (Connecticut State Department of Education, 2015). Исто така, забележливо е дека и практичарите (воспитувачите, наставниците, психолозите, педагозите, советниците и др.) многу се интересираат за оваа проблематика. Сепак, односот меѓу академските постигнувања и моралот е многу сложен и бара подетално проучување. Резултатите од некои студии откриваат дека има квалитативни разлики помеѓу моралното размислување на надарените и талентираните и она на нивните врсници, меѓутоа, се истакнува дека високата интелектуална способност не предвидува задолжително и зрело морално расудување (Mohammadi et al., 2020).

Понатаму, истражувањата ги протегаат своите цели не само врз популацијата на надарените и талентираните туку и врз наставните стратегии и пристапи што се користат во училиштата. Некои наставници застапуваат теоретско проучување на оваа проблематика, преку одржување одделни часови за морално образование. Овие часови се одржуваат врз основа на образовни програми за подобрување на социјалните и моралните способности кај учениците. Образованието за карактер е растечка етичка дисциплина, која се обидува да ги преструктурира училиштата за оптимално да го поттикне развојот на етичките и просоцијалните мотивации и компетенции на учениците и нуди богати можности за примена на ефективни стратегии за образование на надарените и талентираните деца (Begley, 2006).

Важен аспект во истражувањето на појавата надареност е обидот да се утврдат личните карактеристики на надарените и талентираните кои го придружуваат пројавувањето на нивната извонредност. Вниманието на истражувачите, во последниве дваесетина години, е свртено кон анализа на моралните карактеристики на надарените и талентираните (Landweher, 2009). Почетоците на истражувањата за ова прашање може да се најдат во традиционалните студии за надареноста. Така, на пример, во една студија направена во 2011 година било откриено дека меѓу момчињата и девојчињата нема значајна разлика во средната вредност на вкупниот GHQ, MCI (нормативниот и информативниот идентитет), но имало значајна корелација помеѓу моралната интелигенција, нормативниот идентитет и проблемите со менталното здравје на учениците (Krege, 2015). Во оваа насока, талентот бил дефиниран како извонредност во применетата вештина, односно како способност за забрзан развој на личносниот потенцијал (Langdon et al., 2011). Според најновите истражувања, надарените и талентираните личности покажуваат интензивни академски и емоционални особини (Rahman, 2022). Тие се пољубопитни, почувствителни и покреативни од своите врсници.

Доколку сакаат надарените ученици да го достигнат целосниот потенцијал, наставниците треба да имаат на ум дека нивните когнитивни способности може да бидат нетипични и дека ја манифестираат својата креативност на необични начини (Berkowitz, 2005). Според некои други истражувања, некои од надарените и талентирани деца училиштето го сметаат за неподносливо, но ги задоволуваат своите интелектуални,

креативни и уметнички потреби надвор од формалниот систем (Narinasamy, 2015). Во студија направена од Летиќ и Лунгулов во 2020, било откриено дека надарените деца се разликуваат едно од друго кога станува збор за интегритетот и дека ова својство е најразвиено кај учениците што се надарени во областа на спортот, музиката, математиката и во визуелните уметности. Ваквите резултати укажуваат на важноста и потребата од постојано професионално насочување и систематско морално образование на надарените ученици (Letić & Lungulov, 2020). Образованието за карактерот е растечка образовна дисциплина, која се обидува да ги преструктурира училиштата за оптимално да го поттикне развојот на етичките и просоцијалните мотивации и компетенции на учениците. Претставени се клучните компоненти на квалитетното образование за карактер засновано на докази. Потоа се истражуваат важните карактеристики на надарените ученици со цел да се идентификуваат оние карактеристики кои нудат можност за оптимално спроведување на практиката и на структурите за градење карактер во училиштата. Конечно, се разграничува синергијата помеѓу карактеристиките на надарените ученици и педагогиите за градење карактер демонстрирајќи дека уникатниот збир квалитети на надарените ученици нуди многу богати можности за примена на ефективно образование за карактер во современото општество (Berkowitz & Hoppe, 2009). Добриот карактер не се формира автоматски. Тој се развива со текот на времето, преку одржлив процес на настава, примери, учење и пракса, односно се развива преку едукација на карактерот. Намерното учење за добар карактер е особено важно во денешното општество бидејќи младите се соочуваат со многу можности и опасности кои биле непознати за претходните генерации. Тие се бомбардирани со многу негативни влијанија преку медиумите и другите надворешни извори на комуникации, распространети во денешната култура. Бидејќи децата поминуваат околу 900 часа годишно во училиштето, од суштинско значење е училиштата да продолжат со проактивна улога во помагањето на семејствата и заедниците, преку развивање на грижливи, почитувани средини во кои учениците ќе ги учат основните на етички вредности (Pala, 2011). Процесот на поттикнување етички вредности кај учениците најуспешно се развива по пат на модели и улоги (индивидуи на кои им се восхитуваат младите поради нивната професионалност и чесност) (Cruess, 2008).

Теоретската перспектива што го проучува емоционалниот развој на детето претставува комбинација на идеи од функционалистичката теорија и теоријата на динамички системи. Според овие теории, средбите на детето со околината може да се гледаат како динамични трансакции кои вклучуваат повеќе компоненти поврзани со емоции (на пр., експресивно однесување, физиолошки обрасци, тенденции за акција, цели и мотиви, социјални и физички контексти, проценки и искуствено учење) кои се менуваат со текот на времето. На овој начин, емоционалниот развој на детето, всушност, го одразува општественото искуство вклучувајќи го и културниот контекст (Saarni, 2011). Иако надареноста не е типично поврзана со школувањето, истражувањата покажале дека надарените ученици покажуваат повисок степен на академски постигнувања од своите врсници (Worrell et al., 2019).

## 1. Методолошка рамка на истражувањето

### 1.1. *Цел на истражувањето*

Целта на истражувањето е да се утврди влијанието на моралните карактеристики на надарените и талентираните средношколци врз нивните академски постигнувања, од аспект на евалуација на сите елементи во кои може да се препознае ова влијание.

### 1.2. *Истражувачки прашања*

Со цел да се реализира целта на истражувањето, беа поставени две главни истражувачки прашања:

- Какви морални карактеристики може да се препознаат кај надарените и талентираните ученици?
- Дали моралните карактеристики на надарените и талентираните влијаат врз нивните академски постигнувања?

### 1.3. *Методи*

Истражувањето е спроведено со користење на анкета (Ликертова скала) за собирање на податоците и статистички пакети придружени со дескриптивна метода за вреднување на добиените резултати. Во теоретскиот дел се користи индуктивната метода за преглед на литература.

### 1.4. *Истражувачка парадигма*

Со цел да се добијат што е можно поцелосни и поточни податоци за истражуваниот проблем, конструкцијата на прашалнкот ја засноваме на главните теории кои го опишуваат влијанието на моралните карактеристики на надарените и талентираните ученици врз нивните академски постигнувања, односно на различните дефиниции кои ја комплетираат и прецизираат целосната слика за истражуваниот проблем.

### 1.5. *Учесници*

Примерокот на истражувањето го сочинуваа 54 ученици на возраст од 11 до 15 години, кои учат во Гимназијата *УБТ* во Приштина и во основните училишта *Хелена Ѓика, Хасан Приштина* и *Наим Фрашери,* сите од Приштина. Сите ученици покажуваат надареност и талентираност во различни области и имаат постигнато различен академски успех.

### 1.6. *Постапка*

Истражувањето за овој докторски проект е спроведено во согласност со етичките стандарди за научноистражувачката работа. Најпрвин е побарана согласност од директорите на училиштата за реализирање на истражувачките активности. Побарана е и согласност од учесниците во истражувањето, како и согласност од нивните родители. На испитаниците им е објаснето со каква цел се врши истражувањето. За пополнување на прашалникот, беше дозволено максимално време од 30 минути. Истражувањето е реализирано во период од четири месеци.

## 2. Резултати од истражувањето

Резултатите од истражувањето со учениците се претставени во следниве табели:

| Пол | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Машки | 29 | 59,5 |
| Женски | 25 | 40,5 |
| Вкупно | 54 | 100 |

Табела 1: Учесници по пол

Распределбата на половите покажува поголем процент учесници од машкиот пол, во споредба со учесниците од женскиот пол во истражувањето. Оваа нерамнотежа може да влијае на резултатите од истражувањето одразувајќи ги потенцијалните разлики поврзани со полот во одговорите или ставовите.

| | |
|---|---|
| Одличен | 25 |
| Многу добар | 25 |
| Добар | 4 |

Табела 2: Академски успех на испитаниците

| *Можам јасно да ги наведам принципите, вредностите и верувањата кои ги водат моите постапки.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | / | / |
| Понекогаш | 1 | 1 многу добар |
| Во повеќето случаи | 31 | 11 одличен<br>16 многу добар<br>4 добар |
| Во сите ситуации | 22 | 14 одличен<br>8 многу добар |

Табела 2: Принципи, вредности и верувања

Резултатите покажуваат дека значителен број учесници имаат јасно разбирање за принципите и вредностите кои ги водат нивните постапки. Ова укажува на силно чувство на самосвест и етичка јасност меѓу учесниците што може позитивно да влијае на нивните процеси на донесување одлуки и интеракции. Исто така, оформениот поглед на светот со усвоените принципи, вредности и ставови кај учениците создава погодна почва за развој на академски достигнувања.

| *Ја кажувам вистината, освен ако нема морална причина што го спречува тоа.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | / | / |
| Понекогаш | / | / |
| Во повеќето случаи | 18 | 4 одличен<br>11 многу добар<br>3 добар |
| Во сите ситуации | 36 | 21 одличен<br>14 многу добар<br>1 добар |

Табела 3: Искреност

Повеќето од учесниците во ова истражување имаат високо чувство за посветеност на искреноста покажувајќи дека ја ценат автентичноста во секоја своја постапка. Овој став кон искреноста е суштински за градење доверба и интегритет и во личната, семејната, социјалната и училишната средина. Високиот процент ученици кои секогаш ја кажуваат вистината одразува силна почит кон себе и кон другите луѓе. Во тој контекст, искреноста претставува основа за соочување со самите себе и за саморефлексивна активност која постепено ги подобрува академските постигнувања.

| *Општо земено, ќе се соочам со секого ако видам дека прави нешто што не е праведно.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | 3 | 2 многу добар<br>1 добар |
| Понекогаш | 5 | 3 многу добар<br>2 добар |
| Во повеќето случаи | 15 | 2 одличен<br>12 многу добар<br>1 добар |

| | | |
|---|---|---|
| Во сите ситуации | 31 | 23 одличен<br>8 многу добар |

Табела 4: Праведност

Повеќето од учесниците во истражувањето одговориле дека се подготвени да вложат напори и се соочуваат со други луѓе кои предизвикуваат неправда, било да е тоа кон поединец или кон група. Ваквото високо ниво на емпатија и праведност ги потикнува когнитивните расудувања кај учениците за тоа што е еднаквост, заслуга и достоинство.

| *Кога имам задача нешто да направам, секогаш се трудам да ја реализирам обврската.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | 1 | 1 добар |
| Понекогаш | 5 | 3 добар<br>2 многу добар |
| Во повеќето случаи | 19 | 10 одличен<br>9 многу добар |
| Во сите ситуации | 29 | 15 одличен<br>14 многу добар |

Табела 5: Доследност

Повеќето од учесниците покажуваат доследност, посветеност и сигурност во почитувањето на своите обврски. Оваа карактеристика е суштинска за градење доверба и кредибилитет, особено во соработнички и академски средини каде што доследноста во извршувањето на задачите е високо ценета. Од резултатите, разбираме дека учесниците се, општо земено, одговорни и доследни во исполнувањето на своите ветувања.

| *Ги прифаќам моите грешки и неуспеси.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | / | / |
| Понекогаш | 2 | 1 многу добар<br>1 добар |
| Во повеќето случаи | 11 | 5 одличен<br>4 многу добар<br>2 добар |

| | | |
|---|---|---|
| Во сите ситуации | 41 | 20 одличен<br>20 многу добар<br>1 добар |

Табела 6: Прифаќање на грешки и неуспех

Мнозинството од учесниците покажаа дека отворено ги прифаќаат своите грешки.  Справувањето со ситуацијата и свесноста за последиците од своите постапки е посебна вештина и клучна компонента за етички раст на личноста. Овој резултат покажува силно чувство за одговорност и визионерски ум да се учи од сопствените искуства, дури и тогаш кога се негативни. Ова однесување промовира култура на постојано подобрување на карактерот и интегритетот.

| *Подготвен сум да им помогнам на другарите кога им е потребна помош.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | / | / |
| Понекогаш | 3 | 1 одличен<br>2 многу добар |
| Во повеќето случаи | 37 | 15 одличен<br>20 многу добар<br>2 добар |
| Во сите ситуации | 14 | 9 одличен<br>3 многу добар<br>2 добар |

Табела 7: Солидарност

Резултатите покажуваат дека многу учесници се подготвени да ги прошират напорите надвор од своите дефинирани одговорности за да ги поддржат другите (не само пријателите или познаниците туку и сиромашните и ранливите категории). Ова проактивно и алтруистичко однесување ја зголемува тимската работа и поттикнува соработничка средина за учење која инспирира повисоки академски постигнувања. Учесниците кои ја покажуваат оваа особина позитивно придонесуваат за групната динамика и општиот успех на училиштето.

| *Кога запознавам нови луѓе, навистина сум заинтересиран/а да воспоставам со нив суштинска комуникација.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | 2 | 1 одличен<br>1 добар |
| Понекогаш | 3 | 2 одличен<br>1 многу добар |
| Во повеќето случаи | 27 | 10 одличен<br>14 многу добар<br>3 добар |
| Во сите ситуации | 22 | 12 одличен<br>10 многу добар |

Табела 8: Комуникативност

Голем број учесници во истражувањето покажуваат вистински интерес за ангажирање со нови лица. Овој вид отворена природа за запознавање нови луѓе укажува на силни интерперсонални вештини и подготвеност да се изградат различни социјални комуникации. Ваквите особини кај младите се корисни за создавање врски и за збогатување на личните и професионалните односи, а, според тоа, и за постигнување повисок академски успех.

| *Способен сум да „простувам и да заборавам“ на грешките на другите кон мене.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | 3 | 1 одличен<br>1 многу добар<br>1 добар |
| Ретко | 3 | 2 многу добар<br>1 добар |
| Понекогаш | 6 | 2 одличен<br>2 многу добар<br>2 добар |
| Во повеќето случаи | 27 | 11 одличен<br>16 многу добар |
| Во сите ситуации | 15 | 11 одличен<br>4 многу добар |

Табела 9: Смиреност

Капацитетот да се прости и да се продолжи со соработката укажува на емоционална зрелост и насочување на одржување позитивни односи. Учесниците кои ја покажуваат оваа особина придонесуваат за создавање хармонично и поддржувачко опкружување во училишната средина, со избегнување на конфликтност и поттикнување на помирување.

| *Моите пријатели знаат дека можат да ми се доверат во тешка ситуација.* | | *Академски успех на испитаниците* |
|---|---|---|
| Никогаш | / | / |
| Ретко | / | / |
| Понекогаш | 2 | 1 одличен<br>1 многу добар |
| Во повеќето случаи | 11 | 5 одличен<br>5 многу добар<br>1 добар |
| Во сите ситуации | 41 | 19 одличен<br>19 многу добар<br>2 добар |

Табела 10: Доверливост

Резултатите од оваа табела покажуваат високо ниво на свесност кај учесниците во истражувањето, во поглед на доверливоста и ја нагласуваат својата силна посветеност кон искреноста во личните односи со пријателите. Оваа особина е суштинска за градење и одржување цврсти и стабилни средини за работа.

## 3. Заклучни согледувања

Од спроведеното истражување, дојдовме до општ заклучок дека етичките карактеристики на надарените и талентираните ученици се во извесна корелација со нивните академски постигнувања. Имено, карактеристиките, како што се: искреноста, праведноста, доследноста, прифаќањето на грешките и неуспехот, солидарноста, комуникативноста, смиреноста (толеранцијата) и доверливоста значително влијаат на академскиот успех на надарените и талентираните ученици. Учениците кои постојано покажуваат етички интегритет имаат и повисок академски успех од останатите ученици Со оглед на фактот дека темата на истражувањето е опширна, не можевме да ги зафатиме сите перспективи на корелации во истражувањето, но во понатамошните истражувања на оваа проблематика, планираме да го истражиме и односот помеѓу препознаените етички карактеристики кај надарените и талентираните ученици и нивните академски постигнувања по определени предмети од наставата.

На крај, би сакале да истакнеме дека глобалната употреба на новата технологија и нејзините ефекти врз развојот на децата, колку што се корисни, исто толку може да бидат и негативни. Брзата революција во технологијата драстично се одрази и врз образованието и нѐ наведе да веруваме дека нашите образовни системи се сменија на подобро. Сепак, кај голем дел од општествената јавност, има загриженост за влијанието на вештачката интелигенција врз етичкиот развој на младите генерации. Затоа, повикувајќи се на овие резултати, ја нагласуваме потребата образовните системи да го интегрираат етичкото образование во своите наставни програми за надарените ученици. Со промовирање на етичките вредности, училиштата може да го поддржат интелектуалниот раст и развој на учениците подобро и поприродно, отколку со помош на вештачката интелигенција. Добриот баланс помеѓу воспитните и образовните елементи на единствениот едукативен процес овозможува учениците да се развијат во одговорни личности, подготвени за академските и животните предизвици.

**Користена литература**


1. Aimen, A. (2023). *The Importance of Teaching Moral Values and Ethics to Young Students.* Преземено од: https://www.superprof.com/blog/moral-value-importance-students/.

2. ASCD (2023). *Moral Teachers, Moral Students.* Преземено од: https://www.ascd.org/el/articles/moral-teachers-moral-students.

3. Bakkenes, I., Vermunt, J., Wubbels, T. (2010). Teacher Learning in the Context of Educational Innovation: Learning Activities and Learning Outcomes of Experienced Teachers. *Learning and Instruction, 20*(6), 533–548. Преземено од: https://doi.org/10.1016/j.learninstruc.2009.09.001.

4. Banks, S., & Head, B. (2004). Partnering Occupational Therapy and Community Development. *Canadian Journal of Occupational Therapy – Revue Canadienne d'ergotherapie, 71*(1), 5–11. Преземено од: https://doi.org/10.1177/000841740407100104.

5. Begley, A. M. (2006). Facilitating the Development of Moral Insight in Practice: Teaching Ethics and Teaching Virtue. *Nursing Philosophy: an International Journal for Healthcare Professionals, 7*(4), 257–265. Преземено од: https://doi.org/10.1111/j.1466-769X.2006.00284.x.

6. Berg, J., Osher, D., Same, M., Nolan, E., Benson, D., Jacobs, N. (2017). *Identifying, Defining, and Measuring Social and Emotional Competencies*. Arlington: American Institutes for Research. Преземено од: www.air.org.

7. Berkowitz. M. W. (2005). *Character Education*. Преземено од: https://www.researchgate.net/publication/251977043.

8. Berkowitz, M. W., & Hoppe, M. A. (2009). Character Education and Gifted Children. *High Ability Studies, 20*(2*)*, 131–142.

9. Connecticut State Department of Education. (2015). Understanding the Code of Professional Responsibility for Educators. Преземено од: http://www.ct.gov/sde/cert

10. Cruess. S. R. (2008). Role Modelling – Making the most of a Powerful Teaching Strategy. *National Library of Medicine, 336*(7646), 718–721. Преземено од: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2276302/.

11. Dawid, A. (2015). Characteristics of Gifted and Talented Children and Problems of Identification by Teachers and Parents. *International Journal of Educational Development*.

12. Govindharajan, M., Com, M., & Phil, M. (2017). *Teachers are the Role Models to Students*.
Преземено од: https://www.researchgate.net.

13. Krege, A. S. (2015). *Giftedness and Moral Promise.* Westminster: Gifted Development Center.

14. Landweher, K. L. (2009). *Moral Development in Preparing Gifted Students for Global Citizenship*.
Преземено од: https://link.springer.com/chapter/10.1007/978-0-387-89368-6_22.

15. Langdon, P. et al. (2011). Moral Reasoning Theory and Illegal Behavior by Adults with Intellectual Disabilities. *Psychology, Crime and Law*, *17*(2*)*, 101–115. сите автори
DOI: 10.1080/10683160903392384.

16. Letić, M. M., & Lungulov, B. S. (2020). Exploring the Moral Competencies of Gifted Students: Validation of Moral Competency Inventory – MCI. *The New Educational Review*, *61*, 156–167.

17. Mohammadi, E., Shahsavari, H., Mirzazadeh, A., Sohrabpour, A. A., & Mortaz Hejri, S. (2020). Improving Role Modeling in Clinical Teachers: A Narrative Literature Review. *Journal of Advances in Medical Education & Professionalism, 8*(1), 1–9.
Преземено од: https://doi.org/10.30476/jamp.2019.74929.

18. Narinasamy, I. (2015). Teacher As Moral Model – Are We Caring Enough? *World Journal of Education, 5*(6), 1–13.

19. Pala, A. (2011). The Need for Character Education. *International Journal of Social Sciences and Humanity Studies*, *3*(2), 23–32.

20. Rahman, F. (2022). *The Importance of Role Models in Education.*
Преземено од: https://classteaching.wordpress.com/2022/06/26/the-importance-of-connections-and-role-models-in-education/

21. Saarni, C. (2011). *Emotional Development in Childhood*.
Преземено од:
https://www.researchgate.net/publication/266090187_Emotional_Development_in_Childhood.

22. Worrell, F. C., Subotnik, R. F., Olszewski-Kubilius, P., & Dixson, D. D. (2019). Gifted Students. *Annual Review of Psychology, 70*, 551–576.
Преземено од: https://doi.org/10.1146/annurev-psych-010418-102846.